# ЗАКОН ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

**(Службен весник на Република Северна Македонија бр. 133/19, 275/19, 244/20 и 65/23)**

## ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапката за остварување на правото на враќање на дел од данокот на додадена вредност искажан во фискалните сметки на физичките лица (во понатамошниот текст: враќање на данокот).

**Член 2**

(1) Одредбите од овој закон не се однесуваат на фискалните сметки за кои е издадена сметко-потврда, фактура или друг документ издаден кон правно лице, трговец поединец, физичко лице кое врши самостојна дејност и физичко лице регистрирано за цели на данок на додадена вредност.

(2) Одредбите од овој закон не се однесуваат и на фискалните сметки кои се издадени заедно со сметките кои се издаваат од лицата кои извршуваат континуиран промет и за кои се предвидени последователни плаќања (испорака на струја, вода, телефонски услуги, греење и ладење и друго).

## ПРАВО НА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ

**Член 3**

(1) Правото на враќање на данокот се однесува на данокот на додадена вредност искажан во фискалните сметки за купени добра или користени услуги, издадени согласно со Законот за регистрирање на готовински плаќања.

(2) Правото на враќање на данокот може да се оствари само еднаш за една иста фискална сметка, односно правото на враќање на данокот не се остварува за фискалната сметка која е веќе пријавена согласно со член 6 и член 9-а од овој закон.

(3) Враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на македонски добра и услуги се врши во висина од 20% од пресметаниот данок искажан во поединечна фискална сметка. Враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на останати добра и услуги се врши во висина од 10% од пресметаниот данок на додадена вредност искажан во поединечна фискална сметка.

(4) Правото на враќање на данокот се остварува за секое календарско тримесечје во кое е издадена фискалната сметка.

(5) Највисокиот износ за враќање на данокот за едно календарско тримесечје изнесува 2.100 денари.

**Член 4**

По исклучок од член 3 на овој закон, правото на враќање на данокот не се остварува за:

1) Фискална сметка чиј вкупен промет надминува 30.000 денари и
2) Фискална сметка која е сторнирана.

**Член 5**

Право на враќање на данокот имаат физичките лица кои ги исполнуваат следните услови:

1) Имаат навршени 15 години возраст;
2) Поседуваат валиден документ за идентификација издаден од надлежен орган на Република Северна Македонија (лична карта или патна исправа);
3) Се регистрирани корисници на системот за електронска пресметка за приход и данок (Е-ППД) на Управата за јавни приходи и
4) Поседуваат трансакциска сметка кај носител на платен промет во Република Северна Македонија.

## НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ВРАЌАЊЕ НА ДАНОКОТ

### Член 6

(1) Правото на враќање на данокот се остварува со пријавување на податоците од бар кодот на фискалната сметка преку апликативен софтвер за оваа намена на Управата за јавни приходи.
(2) Пријавувањето на податоците од став (1) на овој член се врши најдоцна во рок од 10 дена од датумот на издавање на фискалната сметка, по кој рок фискалната сметка не може да се користи за остварување на правото на враќање на данокот.
(3) Техничките карактеристики и начинот на користење на апликативниот софтвер за пријавување на податоците од фискалната сметка ги пропишува министерот за финансии.

### Член 7

(1) Издавачот на фискални сметки има обврска да ги пријави во Управата за јавни приходи фискалните сметки кои ги сторнира и сторните сметки, за кои физичките лица немаат право на враќање на данокот согласно со член 4 точка 2) од овој закон.
(2) Пријавувањето на сметките од став (1) на овој член се врши до поднесување на даночна пријава за цели на данок на додадена вредност.
(3) Пријавувањето на сметките од став (1) на овој член се врши со скенирање на бар-кодот од фискалната и сторната сметка со примена на мобилна или десктоп апликација на Управата за јавни приходи за оваа намена.
(4) Техничките карактеристики и начинот на користење на мобилната или десктоп апликацијата за пријавување на сторнираната фискална сметка и сторната сметка ги пропишува министерот за финансии.

### Член 8

Враќањето на данокот се врши на трансакциската сметка од членот 5 точка 4) од овој закон, по службена должност од страна на Управата за јавни приходи, во рок од 60 дена по истекот на календарското тримесечје во кое е издадена фискалната сметка.

### Член 9

(1) Најнискиот износ за враќање на данокот за едно календарско тримесечје изнесува 50 денари.
(2) Доколку износот на данокот за враќање е понизок од износот од став (1) на овој член, истиот се пренесува за исплата за наредното календарско тримесечје.
(3) Исплатата на средствата се врши од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Управата за јавни приходи.

**Член 9-а**

(1) По исклучок од членот 3 ставови (1), (3), (4) и (5), член 6 став (2), член 8 и член 9 ставови (1) и (2) од овој закон за фискалните сметки кои се издадени на 10, 11 и 12 октомври 2020 година и кои ќе бидат пријавени преку апликативниот софтвер на Управата за јавни приходи, правото на враќање на данокот се однесува на целиот износ на данокот на додадена вредност искажан во фискалните сметки издадени согласно со прописите од областа на регистрирање на готовински плаќања и тоа за:

1. купени македонски добра (производи) или користени услуги,

2.машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери) и софтвер за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери) од член 30 став (1) точка 10 и став (2) точка 2 од Законот за данокот на додадена вредност.

(2) Прометот на добрата и услугите од став (1) точка 2 на овој член во фискалната сметка издадена во периодот од ставот (1) на овој член се евидентираат како промет од македонски производи.

(3) Утврдениот данок за враќање за добрата и услугите од ставот (1) на овој член се врши за вкупно искажаниот данок во сите издадени фискални сметки од периодот од ставот (1) на овој член чиј вкупен збирен промет за добрата и услугите од ставот (1) на овој член на кој е пресметан данок на додадена вредност, не го надминува износот од 30.000 денари по лице.

(4) За фискалните сметки од ставот (1) на овој член враќањето на данокот ќе се врши согласно со ставовите (1) и (3) на овој член, а доколку е надминат износот на вкупен промет од ставот (3) на овој член враќањето на преостанатиот износ на данок содржан во преостанатиот вкупен промет ќе се врши согласно со членот 3 ставови (3) и (5) од овој закон.

(5) Враќањето на износот на данокот утврден согласно со ставот (3) на овој член, не ја намалува и не влијае на основицата за пресметување на данокот за враќање утврден согласно со членот 3 став (5) од овој закон.

(6) Износот на данокот на додадена вредност од фискалната сметка од ставот (1) на овој член за кој се остварува правото на враќање од ставот (3) на овој член не може да се користи за остварување на правото на враќање на данокот од членот 3 ставови (3) и (5) од овој закон.

(7) Пријавувањето на податоците од членот 6 став (1) од овој закон за фискалните сметки од ставот (1) на овој член заради остварување на правото на враќање на данокот согласно со ставот (3) на овој член може да се врши најдоцна во рок од три дена од датумот на издавање на фискалната сметка.

(8) По истекот на рокот од ставот (7) на овој член, за фискалните сметки кои се пријавени во рокот од членот 6 став (2) од овој закон правото на враќање на данокот се остварува согласно со членот 3 ставови (3) и (5) од овој закон.

(9) Враќањето на данокот од ставот (3) на овој член се врши на трансакциската сметка во рок од 15 дена по истекот на рокот од ставот (7) на овој член.

(10) Враќањето на данокот за периодот од ставот (1) на овој член се врши во висина на данокот утврден согласно со ставот (3) на овој член.

**Член 10**

Вратениот износ на данокот на додадена вредност согласно со овој закон не претставува доход кој подлежи на оданочување со данок на личен доход.

НАДЗОР

**Член 11**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Управата за јавни приходи.

(2) На постапката за надзор се применуваат одредбите од Законот за даночна постапка.

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

(1) Глоба во износ од 250 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на издавачот на фискалната сметка доколку не ја пријави во Управата за јавни приходи фискалната сметка која ја сторнира и сторната сметка (член 7).

(2) Глоба во износ од 150 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) од овој член.

**Член 13**

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице кое пријавило фискална сметка спротивно на член 2 од овој закон.

**Член 14**

Одмерувањето на висината на глобите од овој закон се врши согласно со Законот за прекршоците.

**Член 15**

Надлежен орган за водење на прекршочна постапка и за изрекување на прекршочни санкции за прекршоците пропишани со овој закон е Управата за јавни приходи.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Враќањето на данокот и исплатата на средствата на трансакциска сметка на физичките лица за третото календарско тримесечје од 2019 година, согласно со овој закон, ќе се изврши најдоцна до крајот на 2019 година.

**Член 17**

Подзаконските прописи утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2019 година.

**( Службен весник на Република Северна Македонија бр.244/20)**

**Член 3**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Уредбата со законска сила за примена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица („Службен весник на Република Северна Македонија" број 108/20 и 156/20).

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

**Од текстот на Законот за изменување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица што не е содржан во текстот на Законот**
**(Сл весник на РСМ број 65/2023)**

**Член 2**

Највисокиот износ за враќање на данокот од членот 1 од овој закон, со кој се менува членот 3 ќе се применува за фискалните сметки издадени од 1 јануари 2023 година.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“